**398.8(=163.3)**

**Лепосава Глигориева (НРМакедонија)**

# НАРОДНИ ПЕСНИ ОД ПРЕСПА[1]

Собрала: Л. Глигориева
1949. X, 20

Записани од
Ката Гелева Ѓорѓиева, стара 70 г. с. Стење, 22-V-49
Стеванка Нанчо Талевска, стара 60 г., с. Коњско, 23-5-49
Динка Петрова, стара 60 г., с. Лескоец, 24-5-49
Евда Јорданова Андриева, с. Отешево, 25-5-49
Сандре Гегадаковски, стар 62 г., Покрвеник 26-5-49
Прељубље, 27-5-49
Танас Илиевски, стар 30 г., Дрмени, 28-5-49
Васа Нечовска, 55 г.
Роса Јованоска, 50 г.

1 Ракописот со наслов: „Народни песни од Преспа“ од Лепосава Глигориева е напишан на рака, како семинарска работа на студиите по етнологија на Филозофскиот факултет во Скопје во 1949г., под менторство на проф. д-р Бранислав Русиќ. Станува збор за текст на познатиот етнолог Лепосава Спировска, чиешто моминско презиме било Глигориева. Лепосава Спировска припаѓа на првата генерација етнолози во социјалистичка Македонија, коишто дипломирале во класата на проф. д-р Бранислав Русиќ. Целиот свој работен век го поминала како етнолог истражувач во Одделот за народна литература и во Одделот за народни обичаи и игри во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје. Во текот на работната кариера Л. Спировска учествувала во сите сфери од истражувачките активности на институцијата. Учествувала како истражувач во повеќе научноистражувачки проекти, од кои посебно треба да се истакне проектот „Истражување на фолклорот на нашите сонародници во странство, САД и Канада“ кон крајот на 1970-тите години на XX век. При реализацијата на проектот, заедно со уште неколкумина истражувачи од Институтот, Л. Спировска престојувала во САД и во Канада околу 40-ина дена. Треба да се спомне и ангажманот на Л. Спировска како коредактор на деветтиот том „Народни верувања: Детски игри“ од десеттомното издание на собраните етнографски и фолклорни материјали од М. Цепенков објавени во 1972 година.

Текстот на семинарската работа е зачуван како резултат на грижливиот однос кон сите материјали на проф. д-р Бранислав Русиќ, чијашто ракописна заоставштина се чува во Архивот „Харалампије Поленаковиќ МАНУ. Транскрипцијата на текстот ја направија проф. д-р Љупчо С. Ристески и проф. д-р Инес Црвенковска Ристеска, а јазикот и текстот се пренесени во целост во оригиналната форма со цел да се забележат јазичните карактеристики на македонскиот јазик од тоа време, без лекторски интервенции.

Вела Шиндоска, 41 29-5-49
Мара Какареска, 80 г.
Динка Ристеска, 68 г.
Царев Двор

*Комитски*

1. Бог да бие бугарите
по бугари и германци
по германци аустрилци
и по ними пусти турци
пусти турци саде вреват
садé вреват садé грмат
и догледа кумандирот
Ај ви вам бре пусти турци
Овде не е турска свадба
овде ми је позиција
повјасајте навлезајте
навлезајте во укопи
Вранцуз дојде до Лескоец.
(Лескоец, запишана 24-5-49)

2. Мари мáјко стáра мајко
Подај ми ја дулбијана
Да разгледам горе долу по планина
Што је она што белее
Што белее што светлее
Дали е оган дали е пламен
Ни е оган ни е пламен
Ни е јасна месечина
Току ми е малиќера
Малиќера Јорданова
Остра сабја пиперова.
(Лескоец, запишана 24-5-49)

3. Чудно е чудно станало
На Дојранскана планина
Целана рота паднала
Војската желно извика
Еј стани ротен командир
Не можам брате да станам
Френски ме куршум прониза
Војници браќа да ми сте
Кој ќе си одите на одсесто (одсутсво)

Со којни да не тропате
Со пушки да не пукате
Да не ве видит мајка ми
Ќе дојдет да ве опитват
Како е син ми Иванчо
Иванчо ти са подсвршил
Црнана земја невеста
Белине камења сватови
(Отешево, записана 25-5-49)

4. Излегол Делче војвода
На таа Кожув планина
На рамо пушка берданка
И сиво гунче на рамо
Редум по редум патрони
Таму ми нашол овчарче
Овчарче овци пасеше
Да не си видел дружина
Дружина верна зговорна
Ја сум ја видел дружина
Под една бука седеја
Тога се Делче зарадва
Загрли пушка малиќер.
(Покрвеник, зап. 26-5-49)

5. Млади капидане
Од каде идеш ти
Јас греда од боја
Од бојното поле
Малди капидане
Али познаваш ти
Еден војник прости
Името му Јован
Млада убавице
Како да не го знам
Тој бешево мојата чета
И тој падна мртов пред мене
Млади капидане али вистина
О мој Јован сега останав без него
Млада убавице
Немој да плачеш Јована
Јас сум твојот маж
Јас ојдов прост војник
А сега капидан.
(Покрвеник, зап. 26-5-49)

6. Планино туго планино
Стига сум по теб шетало
Комитски чети водило
Низ таа Баба планина
Најнапред тргна Јованчо
Јованчо стари војвода
Јованча ми го ватиле
Клетите турци албанци
Ватиле и го врзале
Ми го однесле в планина
И таму ми го заклале
Заклале и го опекле
И на мајка му давале
Давале месо да јаде
Кога мајка му го јадеше
Жална песна пееше
И она солзи ронеше
И на Јована думаше
Јованчо сине Јованчо
Али си јагне ѓурѓево
Али си прасе божиќно
Али си пиле женско
(Љубојно)

7. Затвор лежит катил Ѓорги
Дења лежи ношва го испитват
„Кажи, кажи катил Ѓорги
Коде си спечалил твоето богатство
Твоето богатство, твојата имовина
Ал ме питаш бе турчине
Право ке ти кажа
Бегови сам колил
Бегови тиранци
Пари су му земал /2
Лири инџилиски
Анки му сум одбулил
Деца му сум крстил
Моми му сум љубел
Зато сум стекнал
Големо богатство
(Љубојно)

8. Црно му било писано
На Александар Турунгев
Шеснаес годишен војвода

На седумнаеста го фатија
Го однесоа в Битола
В Битола горни зандани
Турија му франги на раце
И тешки синцири на нозе
Го извадоја в Битола
В Битола среде чаршија
„Кажи де кажи Турунге
Што лошо имаш сторено
Праено на твојте малди години
Казвам вои казвам народе
Што лошо имам праено
На мојте млади години
Турците сум ги заколил
Анките сум ги одбулил
Децата сум ги поплашил
Го однесоа од пазар
Му ја кладоа бесалката
На тој Александар Турунгев
Цела Битола заплака
За Александар Турунгев.
(Дрмени)

9. У хиљаду девесто трета година
Оган гореше над град Крушево
Таму се бијаше славен Питу Гулев
Славен Питу Гулев со три војводи
Првиот беше славен Питу Гулев
Другиот беше Ѓорги славјанче
Третиот беше Крсте Крущјанче
Тогај извика славен Питу Гулев
На својте верни другари
Држте здраво, стрељајте право
Мене ми останаа уште три патрона
Сам себе си убивам на нив не се давам.
Па си нареде оштра команда
Ај да напрајме черешово топче
И да видиме што глас ке дават
Си направиле черешово топче
Топчето пукна, турчинот скокна.
(Дрмени)

*Велиīденски*

10. Што е цвеќе во пролеќе
Во пролет са два брата родиле

Оедно са двата покрстиле
Оедно са двата пораснале
Оедно са двата посвршиле
Оедно са двата ожениле
Што ми зеле две млади невести
И пуштиле на вода да одат
Тамам са двете прекарале,
Та љуто са проколнале
Ти да родиш до девет ќупиња
...дно да остане
Ти да родиш едно машко дете
Да го отпуштиш в црква на венчање
Да се отпуштит змија од олтарот
Да го късне в черни очи.
(Отешево)

11. Закукала сина кукавица
Лекум кука далеку се слуша
Свја мајке колне
На душа ти мајко на бога ти
Што ми даде момче арамија
Арамија мајко кесеџија
Нощја оди арамија
Дења оди кесеџија.
(Царев-двор)

*Свадбарски*

12. Попаднала Стојане
Магла по поле.
Не ми била Стојане
Тешка магла по поле
Тук ми била Стојане
Селска свадба голема
На пред свадба Стојане
Сивоно конче тргаше
На кончено Стојане
Три трепеташки трепеа
На кончено Стојане
Убавин момче седеше.
(Царев-двор)

*Свадбарски (бракарски)*

13. Облáк дојдé ѕвезда ѕвезда не дóнесе
Къде ти е ѕвезда застáната
Застáната шúроки ливајге
Да нáберит сéно копрúнено
Да нáранит нýнку брзѝ кони.
(Стење)

14. Нéсто, нéсто свекрва те чекат
Гóлем дар ти сакат
Гóлем дар ти сакат
Прѝ бела кошула како рогозелна.
(Стење)

15. Седит моме на сребрено столе
Ам ми седит ем ми бога молит
Дај ми боже денчок поголемчок
Да поседам таткои ќерали
Да пошетам таткои дворои.
(Предземање невес., Царев-двор)

16. Сенка засенила
Од Невен планина
Во Петреи дворје
Не ми било сенка
Туку што ми биле
Две рала сватои.

17. Кога дојде постар девер, кога седна
Што ми љубва нарачваше
Да не јадеш да не пиеш
Да не ми се опијаниш постар девер
Плати, плати постар девер, ужината.
(Кога иде зетот, Царев-двор)

*Ивандденски*

18. Заспал Јово в гора зелена
Во гора зелена ливада
Во ливада ковил до колена
Кој помини девојка скорива

Никој за вал[2] Иван не скорива
Ми долета пиле соколово
Ми паднало Иву на рамена
Од рамена Иву на колена
Шкрипна криле Ива го разбуди
Стани стани Иво добар јунак.
(Царев-двор)

19. Ивано Иван девојко
Качи се горе на диван
Распули горе и долу
Али е поле пожнето
Сите полина пожнети
Солунско поле нежнето
Солунци болни лежале
Солунци треска фатиле.
(Царев-двор)

*Овчарски*

20. Планинó Пелин плáнино
Та што си била за овци за овчарр
За едно овчарче маљаво
Кај што легнало заспало
Со гуна ми се покрило
Зелена шума послало
Белион камен под глава

*Љубовни*

21. Два се млади обљубиле
на кладенец, на врбенец
малку многу постојале
летно солнце удре зајде
само еднош се виделе
месечина рој подаде
Дробни ѕцезди наудрија
Како дома да си ода
Како мајке да си кажа
Дробен гајтан се однижа
Дур да бера дур да нижа
Летно солнце удре зајде.
(Царев-двор)

2 Вал - грев

22. Фросино моме убаво џанам
Што гости сношти си имаше
Да не ти беа стројници
За тебе да те посвршат.
Богами, драги, душами
Не беа ти стројници
За мене да ме посвршат
Од тебе да ме разделат
Туку беа тиа вујчеј ми
Вујќеј ми мајке браќа ѝ
Фросино моме убаво
Ко ми те тебе вршеа
Цел ношт сум стоил на баџа
И со ош тебе те гледав
Кога прстен ми земаше
Пушка си зеедов во рака
Татка ти да го убијам
Пак жал ми падна за тебе
Снага да не ти оцрнам
Лице да не ти огрдам
Кога му рака целува
Сабја си зедов во рака
Браќа ти да заколам
Пак жал ми стана за тебе
Браќа ти што ти оставив
Фросино моме убаво
Срцево ми го изгоре
Земми ме Фросе земи ме
Пишман ке бидеш за мене
Боса ке трчаш по мене.
(Царев-двор)

*Лирски*

23. Горката Мирка млада загина
Нејното либе на гроб седеше
На гроб седеше и нарождаше
Ке стани стани горка ми Ѓинке
Мошка ти рожба в љуљки плаче балдиса.
Не можам либе од гроб да станам
Едри ми очи змила испила
Руса коса гнездо увила.
(Царев-двор)

24. Неесто тонка висока
Што одиш тешко на вода
Дали ти тежат стомните
Али ти тежи герданот
Та не ми тежат стомните
Та не ми тежи герданот
Нити е гередан поднизан
Со водни дробни монистра
Со стари цела графчиња,
Туку ми тежи меракот
Меракот ми е на сарај (затвор)
Момчето ми е в зандана
До тие девет години
Со книга не е читано
Со очи не е видено
Со тешки трушбук на нозе
Со тија белегзии на раце
Друбен му синџир на гуша.
(Царев-двор)

25. Са посврши Ангелина на далеку
Ангелина имат девет браќа
На душа ти мајко на бога ти
Што ма даде на далеку.
Ако ми си ќерко на далеку
Ти ми имаш девет браќа
Ќа ти грејме секој дена
Коњи ќа си навјаваме
Ангелина сиротина
Сите браќа ми дојдоа
Најмалиот не ми дојде.
(Царев-двор)

26. Преврршил са е Јанкула
Севара рода поканил
Јаника сестра изумил
Изумил не ја поканил
Мајко ле стара мајко ле
Однеси бела погача
Источи вино црвено
Да одам да ја поканам
Они отишол ми ја поканил
Јанико сестро Јанико
Да појдиш на брег да дојдиш
Не можам брате да дојдам
Ќа ти ја пуштам внука ти

Внука ти бела Марија
Марија мајка плетела
И ука ми ја учела:
Марије ќерко Марије
Кога ќе ми одиш по патот
Да ми врлиш руво црнило
Да врлиш лице жолтило
Оти е вујко ти неверник
Кога же ми одиш крај село
Да врлиш руво коприно
За врлиш лице јаболко.
Марија мајка не почу
И кога ми ошол до порта
Излези мајко да видиш
Сама невеста ми дојде
Удрите свирци, тапани
Сама ми невеста дојде.

27. Марко коњи коет
Рано во недела
Тонки пушки полнит
Остри сабји точит
И далеку ќе одит
ке одит по сиротина Драгана
Драгана немат никого
Едничка́ сестра Јаника
Едничко́ брате Никола
Кога по Драги одеа
Вишни черешни цутеа
Кога се назад вратија
Вишни черешни капеа
В Драгане скутје паждае
В Драгане скутје в пазува
(Коњско)

28. Цутило́ ело́ развило
Широкѝ ми је пуштило
Девет ми гори покрило
Уште една гора не покри
Под неа седит мајстори
Мајстори цариградјани
Шикло ми седло шиеа
Далеку мислет да одат
По сиротина Драгана.

29. Излегла Јана пó поле
Да збери Јана аргати
Аргати млади жетвари
Аргати млади невести
Излегла Јана да видит
Дали е поле пожнето
Излезе турче турчинче
Турчинче Јана говорит
Одфрли си го Јано дурбенот
Да ти го вида лицето
Од тука турче макни се
Јас турчинче не земам
Не си ја мењавам верата.

30. Дај ми боже есенски дождеи
Пролетни ветрои
Да напраа куќа кременава
И скала кременава
Да ја зема делет брат и сестра
Девојка росна дефтелина
Ми дошле девојкини браќа
Разватиле кој горе, кој долу
Едни ошле по вар и бигорје
Други ошле по млади мајстори
Други ошле по вар и камење
Други биле по гради кременови
Направиле кула кременова
Затвориле сестра Ангелина
Бело лице мувлија ватило
Црни очи павлага ватиле* темнина
Села натре до девет години
Дури му се богу нажалило
Дури е се земја натажило
Дај ми боже есенски дождеи
Дај ми боже пролетни ветрои
Да турниме кула кременова
Да излези сестра Ангелина.

31. Зарадвало са е јунаково срце
Како мајка со машко дете
Како прстен на јунакова рака
Како мечка со мечиња
Како зајак по зелена трева
Како полжај по зелена трева
Како видра по зелена рида
Како риба во длабоко море

Како елен по врх по планина.

(Коњско)

32. Нѝ ткала гора ни плела
Ни ми е рано станала
Ни ми е вечер седила
Пак ми се рида облекла
Се во е́ сино морено
Се во е сино зелено
Се вое жолто морено
Се вое бело црвено.

(Коњско)

33. Ми послегла лисицата
Со дванаесет лисичиња
Што ми велит најмалото
Најмалото најитрото
Мори мајко лисичеста
Не послегви под селото
Не послегви во селото
Ќе та ватат сељаните
Ќе те праат шарен кожув.

(Царев двор)

**Како се викаат поедини делови од телото во преспанска област**

С. Стење
- Уста-бузи
- Веѓи – вежди
- Зглоб-гљуж, гљужи
- Нокт – новт, нофти

Лескоец
- Клепка – клепарица
- Зеница – гледало
- Беољела – белка
- Носолки – ноздринки
- Гркљан - гркманик
- Јаболчица - кафтице